Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 74

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ / АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ СТОМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев", на својата 42. седница одржана на 16 февруари 2011 година донесе Одлука бр. 2502-31/7 за распишување Конкурс за ***помлад асистент / асистент*** (еден извршител) за наставно-научното поле ***стоматологија*** на Факултетот за медицински науки. На 6 април 2011 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-46/29 и Решение број 2502-46/38 за претседател, 2502-46/39 за член и 2502-46/40 за член за формирање на Рецензентска комисија за *помлад асистент / асистент* (еден извршител) за наставно-научното подрачје *стоматологија* на Факултетот за медицински науки, во следниов состав:

1. доц. д-р Цена Димова, доцент, подрачје стоматологија, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
2. доц. д-р Стипица Поповски, доцент, подрачје стоматологија, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
3. проф. д-р Никола Камчев, вонреден професор, подрачје медицина, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 18 март 2011 година.

Врз основа на пријавата и доставенета документација, како и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 18 март 2011 година се пријавија тројца кандидати: помлад асистент д-р Киро Папакоча, специјалист орален хирург, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, д-р Емилија Ивановска, специјалист ортодонт, вработена во ПЗУ „Дентиција"- Штип и д-р Ѓорѓи Ников, вработен во ПЗУ „Примариус д-р Благој Ников" во Штип.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Киро Папакоча** е роден во 1978 година во Прилеп. Основно и средно образование завршува во Крушево. Дипломира на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот по медицина и фармација „Карол Давила" во Букурешт, Романија, во 2003 година, со просек на студирање 9,14. По изработување на дипломската работа со просечна оценка 10, се здобива со стручен назив **дипломиран доктор стоматолог**, со просечна оценка на студирање 9,28. Истата година ја започнува специјализацијата по орална хирургија во рамките на ургентната Универзитетска клиничка болница по орална и максило-фацијална хирургија „Проф. д-р Дан Теодореску" при Универзитетот по медицина и фармација „Карол Давила" во Букурешт, Романија. Во 2006 година ја завршува специјализацијата по орална хирургија, при што со полагањето на специјалистичкиот испит се здобива со звањето **специјалист орален хирург**.

Од 2006 година ги почнува докторските студии од областа орална имплантологија на Универзитетот по медицина и фармација „Карол Давила" во Букурешт, Романија. Д-р Киро Папакоча работи на својата докторска дисертација со работен наслов „*Методи и техники за реконструкција на дефицитарни алвеоларни гребени*", под менторство на проф. д-р Михаи Аугустин.

Во 2008 година д-р Киро Папакоча се вработува на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, при што се здобива со соработничко звање **помлад асистент**.

Кандидатот активно се служи со англиски и романски јазик.

***Наставна-образовна дејност***

Уште од вработувањето на Факултетот за медицински науки, д-р Киро Папакоча активно е вклучен во едукативниот процес, пред сè во реализацијата на практичната настава на Факултетот за медицински науки, на Студиската програма по стоматологија, изведување на вежбите и консултации на претклиничките стоматолошки предмети.

Од особена важност е да се потенцира дека д-р Киро Папакоча, како помлад асистент, поседува висок степен на теоретска и стручна подготвеност, изграден исклучителен педагошки приод при презентирањето на наставните содржини. Со помош на едноставен, јасен и разбирлив начин ги презентира методските единици од програмата на вежбите по стручните предмети, како на студентите на Стоматологија, така и на студентите на Високата здравствена школа – стручни студии за забен техничар - протетичар.

Во текот на 2009 година учествува во реализацијата на теоретската и практичната настава по предметите Дентална морфологија и Апарати и инструменти во забната техника 1, кои се слушаат во зимскиот семестар на Студиската програма за забен техничар - протетичар на Високата здравствена школа – стручни студии.

Во текот на учебните 2008/2009, 2009/2010 и 2010/2011 година ја реализира практичната настава по следниве предмети: Медицинска етика, Менаџмент во здравството, Биостатистика со информатика, Анатомија на вилици и дентална морфологија, Претклиничка мобилна протетика (тотална протеза), Претклиничка мобилна протетика (парцијална протеза), Дентална морфологија, Мобилна протетика – тотална протеза 1, Претклиничка фиксна протетика 1.

Одличното познавање на неколку компјутерски програмски пакети (Office – Word, Excel, Power Point, Publisher, Corel DRAW, Paint) му овозможува успешност во подготовките на теоретските и практичните методски содржини.

***Научноистражувачка и стручно-апликативна дејност***

Д-р Киро Папакоча активно е вклучен во научноистражувачкиот и едукативниот процес на Факултетот за медицински науки, секојдневно партиципирајќи на стручен план во решавање на проблемите и применувајќи ги современите сознанија од светската стручно-научна литература.

Согласно со наставната област за кој е избран за помлад асистент, своите стручни и научни истражувања особено ги насочува кон проблематиката од областа на оралната хирургија и денталната имплантологија.

Учествува на повеќе научни и стручни конгреси, собири и симпозиуми во земјава и во странство.

Уште како студент учествува на Меѓународниот студентски конгрес на студентите на стоматологија во април 2001 г., во Букурешт, Романија, при што има активно учество, како коавтор, во две студентски теми со наслов „*Малигни меланом на уста*” и „*Естетско решение во фронталната регија со фиксни протези и мостови*”. Исто така, активно учествува и на Меѓународниот студентски конгрес на студентите по стоматологија во мај 2002 г, во Букурешт, Романија, со темата под наслов „*Решение со визил протеза*”.

Д-р Киро Папакоча како млад истражувач учествува во научно истражување на тема „*Корелации имагистичко-клинички и студии на саркоми на максиларните коски*”, при што резултатите од неговата дипломска работа се дел од резултатите на овој проект. Во септември 2003 година успешно ја брани неговата дипломска работа.

Во периодот од 8 до 10 декември 2009 година, д-р Киро Папакоча престојува на обука и стручно усовршување во Имплантолошкиот институт во Љубљана, Р. Словенија, под раководство на реномираниот имплантолог д-р Матија Горјанц.

Д-р Киро Папакоча учествува на следниве научни собири и конгреси:

1. V Стоматолошки конгрес, 18-21 октомври 2001, Букурешт, Романија;
2. Превенција од пренесување на вирусот ХИВ во секојдневната медицинска пракса, 2004, Букурешт, Романија;
3. VII Конгрес по орална и максило-фацијална хирургија, 2005, Констанца, Романија;
4. Како да се лекуваат случаите невозможни за третман, 2005, Букурешт, Романија, лектор проф. д-р Схимоне Фриедман;
5. Актуелности во имплантологијата, 2005, Букурешт, Романија, Системот Анкилос;
6. Модерна протетика од стружење до цементирање, 2006, Букурешт, Романија, лектор проф. д-р Јоханес Балтзер;
7. Интернационален конгрес по оралнаи максило-фацијална хирургија, 2006, Јаши, Романија;
8. Тајните и магијата на перфектната естетика, 2006, Букурешт, лектор проф. д-р Ницах Бихахо;
9. Имплантологија базирана на системот Нобел Биокаре, 2006, Шведска;
10. Контроверзии во ендодонцијата, 2006, Букурешт, Романија, лектор проф. д- р Пиере Махтоу;
11. IX Интернационален конгрес по орална имплантологија, 2006, Букурешт, Романија;
12. VI Меѓународен симпозиум - Скопје 2007, Скопје;
13. VI Меѓународен стоматолошки симпозиум, 2008, Скопје;
14. Трет македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, 2008, Штип, Македонија;
15. VIII Меѓународен стоматолошки симпозиум, 2009, Скопје;
16. V Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество - Современа стоматологија, предизвици и решенија, 2009, Охрид;
17. II Тиквешки регионален клуб, Меѓународен симпозиум, Тиквеш 2009, Здружение на приватни доктори по стоматологија на Македонија, 2009, Кавадарци;
18. II Интернационален конгрес по дентална медицина на Романско здружение по орална рехабилитација, Денталната медицина помеѓу стандардите и сегашната пракса, 2009, Букурешт, Романија;
19. Интернационален Конгрес „Стоматологијата Денес“, 2010, Струга,
20. XIV Меѓународен стоматолошки конгрес, со главна тема „Медицинско-дентален менаџмент на пациентите со општи заболувања“, организиран од Факултетот за дентална медицина „Карол Давила”, како и од Националното здружение и асоцијација на стоматолозите од Романија – УНАС, 2010, Букурешт, Романија;
21. Меѓународен стоматолошки симпозиум „Темпоромандибуларни пореметувања – дилеми и решенија“, 2010, Куманово.

Д-р Киро Папакоча на Конкурсот за избор на помлад асистент / асистент (еден извршител) за наставно-научното подрачје *стоматологија* на Факултетот за медицински науки ги приложува трудовите од бр. 1 до бр. 12 за рецензија.

***Список на трудови доставени за рецензија:***

1. **Папакоча К,** Папакоча Г. Историја на оралната имплантологија. III Македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, Зборник на трудови, Штип, 2008: 260 – 265.

Мотивирани од главната тема која ја носи Конгресот, авторите имале за цел да ја потенцираат важноста на еволуцијата на оралната имплантологија уште од раниот антички период, низ средновековниот и фундаменталниот, предмодерниот, модерниот и современиот период. Секој од овие периоди бил локациски прецизиран, а материјалите коишто се користеле сликовито се опишани, како и карактеристиките коишто биле специфични за секој од нив.

Трудот има стручна вредност.

2. **Папакоча К.** Историја на оралната имплантологија. Инфо бр. 11, Стоматолошка комора на Р. Македонија, декември 2008: 13-14.

Преку индивидуални пребарувања во научната и стручна литература на факултетската библиотека, авторот имал за цел ретроактивно да се наврати на корените на оралната имплантологија, со цел да се прецизираат конкретните години и автори на сите периоди низ кои поминува оваа модерна гранка во стоматологијата.

Трудот има стручна важност.

3. Dimova C, Evrosimovska B, **Papakoca K**, Kovacevska I, Kamceva G, Georgiev Z, Bojkovska D. Use of traneamic acid in anticoagulated oral surgery patients. 15th Congress of the Balkan Stomatological , BASS, (Abs.)Thesaloniki, 2010: 228.

Авторите имале за цел да извршат проценка на воспоставената локална хемостаза при употреба на транексемичната киселина, што се користела како локално средство за испирање по оралнохируршките интервенции, извршени кај 100 пациенти кои примаат орални антикоагуланси. Авторите препорачуваат средството за орална антикоагулација да не се прекинува пред интервенцијата, доколку биле преземени локални мерки за хемостаза со локална антифибринолитичка терапија.

Трудот има научна и стручно-апликативна вредност.

4. **Папакоча К.** Постекстракциони методи за конзервација на алвеоларните гребени. Научен симпозиум по орална хирургија, Македонско стоматолошко друштво, Здружение на специјалисти по орална хирургија. Дојран, 2010.

Тргнувајќи од светските трендови, но и од неопходноста за зачувување на алвеоларниот гребен, авторот имал за цел да го потенцира понатамошното импланто – протетско реставрирање на секој тип на едентација. Во оваа студија се опфатени три вида на коскени супституенти, применети врз пациенти со примена на техниките на апозиција и интерпозиција.

Трудот има стручно-апликативна вредност.

5. **Papakoca K,** Neamtu R, Drafta S, Dimitriu B, Mihai A, Durbaca I. Immunological aspects related to the biomaterials used in bone additions. Metalurgia International 2010 : XV(5): 226 -8.*

Важноста во медицинската пракса на имунолошките и хистолошките случувања на еден биоматеријал кои настануваат по негова апликација, при аугментирање како кај помали така и кај поголеми дефекти на алвеоларните гребени е од особена важност. Во оваа студија авторите детално ги обработуваат сите значајни особини кои треба да ги поседува еден материјал, како што се пред сѐ биокомпатибилноста и биофункционалноста на автологните и на хетрологните биоматеријали за аугментација.

Трудот има стручно-апликативна и научна вредност.

6. **Papakoca K**, Neamtu R, Dimitriu B, Drafta S, Mihai A. The impact of augmentation materials on the receiver bones. Metalurgia International. 2010; XV, (5): 229 – 231.*

Целта на студијата била употребата на различните видови на биоматеријали при аугментација и контроверзиите коишто ги следат при формирање на нови коскени делови. Сите видови на коски и коскени супституенти биле детално опишани, со посебен осврт на биолошкиот комплексен механизам на остеоинтеграција на биоматеријалите, нивната биохемиска еволуција, како и протеинската динамика во однос на реконструкцијата на алвеоларните гребени.

Трудот има стручно и практична вредност.

7. **Papakoca K**, Dimova C, Papakoca G. Aestetic roles of dental implant osseointegration and alveolar bone preservation and augmentation – nowadays essential. International Congres “Dentistry Today” (Abs) Struga, 2010: 260.

Авторите во овај труд укажуваат на неопходноста од постекстракциското зачувување на алвеоларните гребени со помош на два типа на коскени супституенти од говедско и од синтетичко потекло, што претставува прва фаза. Во втората фаза авторите предлагаат импланто-протетско решение за секој од презентираните случаи. Направена е компрарација помеѓу два типа на биоматеријали преку статистичка анализа, како и сугерирање на неколку методи и техники за коскена аугментација.

Трудот има стручно-апликативна и научна вредност.

8. Bodnar C, Tanase G, Bodnar T, Ionescu I, **Papakoca K**, Sfeatcu R. Alcoholism in dental medicine practice. Medicinae Moderna, 2010, XVII, (6): 310-3.

Во студијата авторите имале за цел да го потенцираат пристапот на докторот стоматолог, како и ризикот за оралнохируршки третман којшто ги има специјалистот орален хирург кај пациентите коишто хронично консумираат алкохол. Авторите потенцираат дека успешноста во работата со овие пациенти е во зависност од доброто и коректно препознавања на ваквите пациенти, од комуникцијата со нивните матични доктори, како и од соработката со доктори специјалисти од други области.

Трудот има стручна и клиничка вредност.

9. Neamtu R, Costea R, Bucur M.B, Ghita V, **Papakoca K**, Mihai A. The role of titanium and its alloys in the process of osseointegration. Metalurgia International –2010, XV (6): *

Авторите детално го обработуваат значењето на титаниумот и на неговите легури во медицинската пракса, а посебен акцент е ставен на остеоинтеграцијата на титаниумот – како еден од најзначајните материјали во оралната имплантологија.

Трудот има стручна и практична важност.

10. Bodnar C, Burlibasa M, Bodnar T, Ionescu I, Popovici I.A, **Papakoca K.** Leonardo Da Vinci and Dentistry. UNAS – Congres, Bucharest, Romania, (Abs), 2010: 58.

Во овој труд авторите прецизираат со точност на периодите во кои твори и работи научникот Леонардо да Винчи, со посебен акцент на неговите историски откритија за анатомијата на главата и особено за анатомија на усната празнина.

Трудот има стручно-апликативно и практично значење.

11. Burlibaşa M, Bodnar CD, Tanase G, Ionescu I, Muntianu L, **Papakoca K.** Victor Babeş's contribution to the development of dental medicine. Medicina moderna, 2010, XVII, (9): 474-7.

Историски осврт на улогата и значењето кое го има научникот Виктор Бабеш за развивање на стоматологијата паралелно со медицината во Романија.

Трудот има стручна вредност.

12. Bodnar C, Dimova C, Bodnar T, Cristache CM, Burlibaşa M, Sfeatcu R, **Papakoca K.** Dental management of patient with psychiatric disorders. Medicina moderna, 2010, XVII, (10): 538-43.

Авторите на оваа студија имале за цел да изнајдат соодвети методи за стоматолошки третман кај пациенти со психијатриски болести, како и најсоодветен пристап кон нив. Од испитувањето може да се заклучи дека несаканите несреќи – несакани конфликти, неуспеси и последици може да бидат намалени или пак да се минимизираат, доколку кон овие пациенти се пристапи преку добро индивудуално запознавање, како и со адекватен однос, за да се постигне функционално и целосно реконструирано забало кај секој од нив.

Трудот има стручно-апликативна и клиничка важност.

## П Р И Л О Г
## Табела за вреднување на активностите на д-р Киро Папакоча, помлад асистент за научната областа стоматологија, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за периодот од 2008 до 2011 година

| Ред. број | Наставно-образовна дејност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 25. | **Предавања** (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период – бр. на часови по 1,5 поен за секоја учебна година и по еден поен за секој предмет)<br>**2009/2010** зимски семестар<br>Дентална морфологија (ВЗШ - Протетика) (2+1)<br>Апарати и инструменти во забната техника 1(ВЗШ - Протетика) (1+2) | **3 часа** | **1,5 +2** | **6,5** |
| 26. | **Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период** - бр. на часови по 0,2 поен за секоја учебна година)<br>2008/2009<br>Медицинска етика 1час x 3 групи (ВЗШ)<br>Менаџмент во здравството 1часа x 2 групи (ВЗШ)<br>Биостатистика со информатика 3 часа x 2 групи (ВЗШ)<br>2009/2010<br>Анатомија на вилици и дентална морфологија<br>3часа x 5 групи (Стоматологија) зимски сем.<br>Дентална морфологија 1часа x 3 групи (ВЗШ) симски сем.<br>Претклиничка мобилна протетика (тотална протеза)<br>3часа x 5 групи (Стоматологија) летен сем.<br>2010/2011<br>Анатомија на вилици и дентална морфологија<br>3часа x4 групи (Стоматологија) – зимски сем.<br>Претклиничка мобилна протетика (парцијална протеза)<br>3часа x4 групи (Стоматологија) зимски сем.<br>Претклиничка мобилна протетика (тотална протеза)<br>3часа x 4 групи (Стоматологија) летен сем.<br>Претклиничка фиксна протетика 1 3часа x 3 групи (Стоматологија) летен сем<br>Мобилна протетика – тотална протеза 1<br>6 часа x 1 група (ВЗШ) летен сем | **95часа** | **95 x 0,2** | **19** |
| | **Вкупно:** | | | **25.5** |

| Ред. број | Научноистражувачка дејност | Бодови | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 3. | **Прегледен труд (СЦИ/ЦА/останати)**<br>**5. Papakoca K**, Neamtu R, Drafta S, Dimitriu B, Mihai A, Durbaca I. Immunological aspects related to the biomaterials used in bone additions. Metalurgia International 2010 : XV(5): 226 -8.*<br>6. **Papakoca K**, Neamtu R, Dimitriu B, Drafta S, Mihai A. The impact of augmentation materials on the receiver bones. Metalurgia International. 2010; XV, (5): 229 – 231.*<br>9. Neamtu R, Costea R, Bucur M.B, Ghita V, **Papakoca K**, Mihai A. The role of titanium and its alloys in the process of osseointegration. Metalurgia International –2010, XV (6): * | 3 | 5 | 15 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови во научен собир**<br>**3.** Dimova C, Evrosimovska B, **Papakoca K**, Kovacevska I, Kamceva G, Georgiev Z, Bojkovska D. Use of traneamic acid in anticoagulated oral surgery patients. 15th Congress of the Balkan Stomatological , BASS, (Abs.)Thesaloniki, 2010: 228. | 1 | 2 | 2 |
| **7.** | **Секциско предавање на научен собир**<br>**4. Папакоча К.** Постекстракциони методи за конзервација на алвеоларните гребени. Научен симпозиум по орална хирургија, Македонско стоматолошко друштво, Здружение на специјалисти по орална хирургија. Дојран, 2010. | 1 | 2 | 2 |
| **9.** | **Учество на научен собир со реферат (постер/ усно)**<br>**10.** Bodnar C, Burlibasa M, Bodnar T, Ionescu I, Popovici I.A, **Papakoca K.** Leonardo Da Vinci and Dentistry. UNAS – Congres, Bucharest, Romania, (Abs), 2010: 58. | 1 | 2 | 2 |
| | **Вкупно:** | | | **21** |

| **Ред. број** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Бодови** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | **Труд во стручно (научно-популано) списание**<br>**2. Папакоча К.** Историја на Оралната Имплантологија. Инфо бр. 11, Стоматолошка Комора на Р. Македонија, декември 2008: 13-14.<br>8. Bodnar C, Tanase G, Bodnar T, Ionescu I, **Papakoca K**, Sfeatcu R. Alcoholism in dental medicine practice. Medicinae Moderna, 2010, XVII, (6): 310-3.<br>11. Burlibaşa M, Bodnar CD, Tanase G, Ionescu I, Muntianu L, **Papakoca K.** Victor Babeş's contribution to the development of dental medicine. Medicina moderna,2010, XVII, (9): 474-7.<br>12. Bodnar C, Dimova C, Bodnar T, Cristache CM, Burlibaşa M, Sfeatcu R, **Papakoca K.** Dental management of patient with psychiatric disorders. Medicina moderna, 2010, XVII, (10): 538-43. | 4 | 2 | 8 |
| **6.** | **Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир**<br>13. **Папакоча К,** Папакоча Г. Историја на оралната имплантологија. III Македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, Зборник на трудови, Штип, 2008: 260 – 265.<br>**7. Papakoca K**, Dimova C, Papakoca G. Aestetic roles of dental implant osseointegration and alveolar bone preservation and augmentation – nowadays essential. International Congres "Dentistry Today" (Abs) Struga, 2010: 260. | 2 | 2 | 4 |
| **28.** | **Член на факултетски орган, комисија**<br>(Комисија за изработка на Правилник за работа на ФМН - 2008) | 1 | 2 | 2 |
| | **Вкупно:** | | | **14** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно:** | **60.5** |

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Емилија Ивановска** е родена во 1977 година во Скопје. Основно и гимназиско образование завршува во Штип. Дипломира на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на 28 февруари 2005 година, со средна оценка 9,40, со што се стекнува со стручниот назив **дипломиран доктор на стоматологија.**

Од 2005 година е основач и носител на дејност на ПЗУ „Дентиција" во Штип и има работно искуство од шест години во приватниот здравствен сектор.

На 15 септември 2010 година ја завршува специјализацијата по специјалноста ортодонција на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Со положувањето на специјалистичкиот испит се стекнува со звањето **специјалист по ортодонција**.

Активно се служи со англискиот јазик.

Основната приложена документација на д-р Емилија Ивановска е целосна. Во пријавата на д-р Емилија Ивановска стои список од вкупно 14 настани кои ги посетила (конгреси и семинари) за кои нема приложено ниту еден сертификат за активно или пасивно учество.

Д-р Емилија Ивановска нема објавени трудови.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Ѓорѓи Ников** е роден во 1984 година во Штип. Основно и средно образование (заботехничко) завршува во Штип. Дипломира на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 13 март 2009 година, со средна оценка 7,02, со што се стекнува со стручниот назив **дипломиран доктор на стоматологија**.

Од 2009 година работи во приватната здравствена установа ПЗУ „Примариус д-р Благој Ников" во Штип и има работно искуство од две години во приватниот здравствен сектор.

Активно се служи со англискиот јазик.

Д-р Ѓорѓи Ников нема објавени трудови, односно нема активно учество на конгреси и симпозиуми.

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, според чл. 17 од Правилникот, д-р Киро Папакоча остварува следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО+НИ+САОР) и тоа:

- наставно-образовна (НО) = 25.5;
- научноистражувачка (НИ) = 21;
- стручно - апликативна и организациско-развојна (САОР) = 14;
- вкупна активност (НО+НИ+САОР) = 60.5.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и од резултатите во наставно-образовната научноистражувачката и апликативната дејност, Комисијата констатира дека се евидентни резултатите и напредувањето на помлад асистент д-р Киро Папакоча.

Според Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, според чл. 17 од Правилникот, став 2, д-р Киро Папакоча има остварено 60,5 поени, кои се однесуваат на целокупната активност (НО+НИ+САОР), со што ги исполнува критериумите за избор во соработничко звање асистент за наставно-научното поле стоматологија.

Според Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, според чл. 17 од Правилникот, став 2, кандидите д-р Емилија Ивановска и д-р Ѓорѓи Ников не ги исполнуваат критериумите за избор во соработничко звање асистент за наставно-научното поле стоматологија.

Рецензентската комисија има чест и особено задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, **кандидатот помлад асистент д-р Киро Папакоча да го избере во соработничко звање асистент за наставно-научното поле стоматологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Цена Димова – претседател, с.р.**
**Доц. д-р Стипица Поповски - член, с.р.**
**Проф. д-р Никола Камчев - член, с.р.**